Д.3.3.75
2693 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Понеделник, 24 февруари 1975
Скопје
Број 5 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**31.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 8 од Уставот на СРМ, а во врска со член 1 и 3 од Законот за помилување и член 85 од Кривичниот законик, Претседателството на СРМ на седницата одржана на 14. II. 1975 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Неиздржаниот дел од казната да им се прости на:

1. Момчило Петар Бошковски, од Скопје
2. Јонуз Нухи Адеми, од Тетово
3. Симон Јован Петровски, од Битола
4. Александар Тоде Станковски, од с. Брусник

II

Изречената казна да им се услови за 1 година на:

1. Тоше Ненков Петров, од Богданци
2. Добре Киро Додев, од Скопје
3. Борче Панде Петровски, од Скопје
4. Ристо Димо Бојков, од Неготино
5. Милован Стојан Петковиќ, од Бујановац
6. Благоја Трајков Чоревски, од Скопје
7. Ибиш Јахија Ибиши, од с. Отља
8. Стојан Велко Трајковиќ, од Скопје
9. Иван Стојмен Бошков, од с. Росоман

III

Изречената казна да им се намали за 6 месеци на:

1. Ќамил Мухарем Гушани, од Призрен
2. Тефикружди Невзат Садики, од Прешево

IV

Изречената казна му се замени со казна затвор и услови за 2 години на:

1. Томе Јорданов Златевски, од с. Вратница.

V

Дел од казната во траење од 1 година да му се прости на:

1. Христо Борис Илиевски, од с. Могила.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 06-58
14 февруари 1975 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

**32.**

Врз основа на член 158 од Законот за финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ“, бр. 3/73), републичкиот секретар за финансии донесува

### ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СОСТАВУВАЊЕТО НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ФОНДОВИТЕ, НА СРЕДСТВАТА ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НА ИНТЕРЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА 1973 ГОДИНА

Член 1

Во Правилникот за начинот на составувањето на завршната сметка на фондовите, на средствата за инвестиции во стопанството на Социјалистичка Република Македонија и на интересните заедници за 1973 година („Службен весник на СРМ“, бр. 13/73 и 33/74), во називот, во членовите 2, 3, 5, 6, 8, 9, 10, 13, 14 и 15 и во називите на обрасците од Правилникот, бројката „1973“ се заменува со бројката „1974“.

Член 2

Во членот 1, бројката „1972“ се заменува со бројката „1973“, бројката „1973“ се заменува со бројката „1974“, и бројката „1974“ се заменува со бројката „1975“.

Во ставовите 3 и 4 зборовите: „Фондовите на заедниците на образованието“ се заменуваат со зборовите: „самоуправните интересни заедници“.

По ставот 3 се додаваат два нови става кои гласат:

„Самоуправната интересна заедница, што пресметковната 1974 година со одлука ја продолжила до 31 јануари 1975 година, во завршната сметка го искажува и соодветниот дел на средствата од приходите и расходите остварени во јануари 1975 година за сметка на 1974 година.

Во завршната сметка на самоуправната интересна заедница односно финансиската програма се внесуваат и приходите и расходите на Фондот што во 1974 година е укинат.“

Ставовите 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат ставови 6, 7, 8, 9 и 10.

Член 3

Во членовите 4, 7 и 12, бројката „1973“ се заменува со бројката „1974“, а бројката „1974“ се заменува со бројката „1975“.

Член 4

Во членот 13 став 1, точката 3 се брише, а точките 4 до 8 стануваат точки 3 до 7.

Член 5

По членот 15-б се додаваат два нови члена кои гласат:

„Член 15-в

Самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и на пензиското и инвалидското осигурување, кои своето книговодство го водат според сојузните прописи, завршната сметка за 1974 година ја изготвуваат спо-

ред тие прописи и ја доставуваат до Службата на оппітественото книговодство до 28 февруари 1975 година.

Член 15-г

Стручните служби на самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување, на пензиското и инвалидското осигурување и на вработувањето, завршната сметка за 1974 година ја изготвуваат според Законот за книговодството на организациите на здружениот труд од општествените дејности („Службен весник на СРМ", бр. 13/73).

Стручните служби на самоуправните интересни заедници што се основани во текот на 1974 година, освен стручните служби од претходниот став, не изготвуваат одделна завршна сметка, туку трошоците за своето работење за 1974 година ги искажуваат на посебен преглед, кој ги содржи следните податоци:

— исплатени нето лични доходи;
— исплатени други нето лични примања;
— даноци и придонеси на личните доходи и на другите лични примања;
— материјални трошоци; и
— средства за заедничка потрошувачка.

Прегледот на трошоците на стручните служби од претходниот став е составен дел на завршната сметка на самоуправната интересна заедница за 1974 година, што се изготвува на образецот „ЗСИЗ-1" односно на образецот „ЗСОБ-1" од овој правилник. Вкупниот износ на трошоците од прегледот треба да одговара на износот искажан на реден број 36 од образецот „ЗСИЗ-1" односно на реден број 34 од образецот „ЗСОБ-1".

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-281/1
14 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

**33.**

Врз основа на член 168 од Законот за финансирање на Републиката и општините („Службен весник на СРМ", бр. 3/73), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СОСТАВУВАЊЕ НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТИТЕ НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ЗА 1973 ГОДИНА

1. Во Упатството за составување на завршната сметка на буџетите на Републиката и општините за 1973 година („Службен весник на СРМ", бр. 14/74), во називот, во точките 10 (потточки 1) и 5) став 4) и 16 став 1 и во називите на обрасците „ЗСБ I до ЗСБ VIII" од Упатството, бројката „1973" се заменува со бројката „1974".

2. Во точката 4, по потточката 9) се додава нова потточка 10), која гласи:

„Во завршната сметка на буџетот се внесуваат и приходите и расходите на фондот што во 1974 година е укинат, односно чии права и обврски се пренесени на Републиката односно општината."

3. Во точката 6 став 3 и 4, бројката „1973" се заменува со бројката „1974", а бројката „1974" се заменува со бројката „1975".

4. Во точката 13 став 1, зборовите: „30 април 1974" се заменуваат со зборовите: „15 април 1975".

5. Во точката 15 став 3, бројката „1974" се заменува со бројката „1975".

6. Наместо образецот „ЗСБ I" од Упатството, се пополнува нов образец „ЗСБ I", што е усогласен со постојните прописи.

7. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-311/1
14 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

**34.**

Врз основа на член 78 од Законот за средствата за работа на органите на управата („Службен весник на СРМ", бр. 29/74), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕТО НА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВАТА ЗА 1973 ГОДИНА

1. Во Упатството за начинот на изготвувањето на завршната сметка на органите на управата за 1973 година („Службен весник на СРМ", бр. 6/74), во називот, во точките 1 и 4 (потточките 1) до 8)), во глава II поднасловите 1, 2, 6 и 9, во точките 7 став 1, 8 став 1, 9 став 6, 10 став 1, 11 став 16, 13 став 1 и 14 став 1 и во називите на обрасците I до VIII од Упатството, бројката „1973" се заменува со бројката „1974".

2. Во точката 6 став 1 (потточка 1) и став 2 и 3 и во точките 12 и 15, бројката „1973" се заменува со бројката „1974", а бројката „1974" се заменува со бројката „1975".

3. Во точката 17, зборовите: „10 март 1974" се заменуваат со зборовите: „5 март 1975".

4. Во точката 19 став 1, бројката „10" се заменува со бројката „15".

5. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 06-312/1
14 февруари 1975 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
**Ристо Филиповски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТЕТОВО

**54.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 9 и член 25 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на својата седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците што ќе ги плаќаат обврзниците на придонесот утврдени со член 24 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување (во натамошниот текст: Законот), заради обезбедување средства на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово.

Член 2

1. Стапката на придонесот за здравственото осигурување за обврзниците на придонесот од член 24 точка 1, 2 и 3 од Законот се утврдува на 7,10% и тоа:

— 2,5% за задолжителни видови на здравствена заштита,

— 4,60% за здравствена заштита што ја утврдува самостојно Заедницата.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е основицата утврдена со член 25 став 1 алинеја 1 и 2 од Законот.

2. Стапката на придонесот за здравственото осигурување за обврзниците на придонесот од член 24 точка 5 и 7 од Законот, се утврдува на 9,90% и тоа:

— 3,50% за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— 6,40% за здравствена заштита што Заедницата сама ја утврдува.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е основицата утврдена со член 25 став 1 алинеја 4 и 6 од Законот.

3. Стапката на придонесот за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува:

а) 0,50% од доходот за основните организации на здружениот труд и другите самоуправни организации од областа на стопанството, вклучувајќи ги и организациите на здружениот труд регистрирани како установи, распоредени во областите од 1 до 8 од номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државни органи по дејности.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став е остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход;

б) 0,50% од личниот доход за работниците што остваруваат личен доход од работен однос, а не се вработени во организациите од точка 3 под а) на оваа одлука.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став претставуваат сите парични примања според Законот за даноците на граѓаните.

Член 3

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство се определува во височина од 15% од нето личниот доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Посебниот придонес се пресметува одделно за секој осигурен ризик според единствени износи на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 0204-1520/2
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски**, с. р.

**55.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 8 и член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИТЕ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување и за утврдување на правата од здравственото осигурување на лицата вработени кај приватните работодавци за кои со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението не е утврдена основица за придонес.

Член 2

За вработените лица кај приватните работодавци основицата е личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот, но не помалку од следните износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 950,00 динари |
| — за полуквалификувани работници | 1.100,00 „ |
| — за квалификувани работници | 1.300,00 „ |
| — за висококвалификувани работници | 1.700,00 „ |
| — за домашни помошнички | 1.100,00 „ |

За ученици во стопанството, односно ученици на училиштата за квалификувани работници за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштата или кај приватниот работодавец е наградата што ја прима, но не помалку од следниот износ:

| | |
|---|---|
| — за прва година | 115,00 динари |
| — за втора година | 230,00 „ |
| — за трета година | 350,00 „ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 0402-366 од 27 април 1973 година.

Број 0204-1520/3
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски**, с. р.

**56.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 8 и член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од

организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ОСНОВИЦИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА САМОСТОЈНИТЕ ЗАНАЕТЧИИ И САМОСТОЈНИТЕ УГОСТИТЕЛИ

I

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители служи даночната основица (личниот доход) од самостојно вршење на стопанска дејност утврдена за претходната година со тоа што таа основица се смета како аконтација за текуштата година.

За самостојните занаетчии и самостојните угостители на кои не им се утврдува даночна основица, а данокот го плаќаат во годишен паушален износ, како основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување служи годишниот паушален износ на данокот од самостојно вршење на стопанска дејност во текуштата година.

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители утврдена со претходните ставови на оваа точка не може да изнесува помалку од минималниот личен доход во Републиката за текуштата година.

II

Ако даночната основица (личниот доход) од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност е утврдена за дел од календарската година, основицата на осигурувањето се утврдува според таа даночна основица (личен доход) пресметана за цела година.

Ако даночната основица (личниот доход) од самостојна занаетчиска односно угостителска дејност не е утврдена, како основица за плаќање на придонесот и определување на правата по основ на здравственото осигурување привремено ќе се смета најниската основица на осигурувањето од точка I став 2 на оваа одлука, со тоа што конечното утврдување на основицата на осигурувањето ќе се изврши кога ќе се утврди даночната основица (личниот доход) од самостојното вршење на стопанска дејност.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 0204-1520/4
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

**57.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 8 и член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Придонесите на здравственото осигурување во постојани месечни износи за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. За лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери и други) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време — во износ од 50,00 динари во кои се содржани:

— износ од 16,50 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износ од 30,20 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување;

— износ од 3,40 динари на име придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести.

2 .За учениците кои изучуваат определено занимање односно учениците во стручните училишта со практична настава — во износ од 15,00 динари во кој се содржани:

— износ од 5,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита;

— износ од 9,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување; и

— износ од 1,00 динари на име придонес за здравствено осигурување за случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести.

3. За лицата кои учествуваат на младински работни акции на кои, по прописите за инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност — во износ од 18,00 динари во кој се содржани:

— износ од 7,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 11,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

4. За лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно — во износ од 18,00 динари во кој се содржани:

— износ од 7,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита,

— износ од 11,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

5. За лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука, логорување — во износ од 18,00 динари во кој се содржани:

— износ од 7,00 динари на име придонес за задолжителните видови на здравствената заштита, и

— износ од 11,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

6. За лицата припадници на територијалните единици, припадници на цивилната заштита за време на изведување на задачите на територијалната одбрана — во износ од 15,00 динари во кој се содржани:

— износ од 5,30 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 9,70 динари, на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

7. За уживателите на постојана државна помош доделена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет — во износ од 60,00 динари, во кој се содржани:

— износ од 21,00 динари на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 39,00 динари, на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат и придонесите за здравствено осигурување за случај на несреќа и професионални заболувања (член 18 од Законот), за:

1. учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии, за времетраењето на практична работа во врска со наставата — во износ од 8,00 динари;

2. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции — во износ од 10,00 динари;

3. за лицата кои се на изведување обука во одредите на предвојничката обука — во износ од 10,00 динари;

4. за лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита — во износ од 11,00 динари;

5. за припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита — во износ од 9,00 динари.

Член 3

За члeновите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување се плаќа придонес за здравствено осигурување во постојан месечен износ од 40,00 динари за секој член во кој се содржани:

— износ од 14,00 динари — на име придонес за задолжителни видови на здравствена заштита, и

— износ од 26,00 динари на име придонес за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука, со исклучок на придонесите од членот 3, се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 0204-1520/5
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

---

**58.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕЗЕРВЕН ФОНД НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиска стабилност во работењето и ликвидност во извршувањето на обврските спрема осигурените лица, здравствените работни организации и други организации на кои им се доверува спроведувањето на здравственото осигурување, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување издвојува средства во резервен фонд.

II

Задолжителната резерва за 1975 година ќе се пресметува од основицата што ја сочинува вкупниот приход на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување по стапка од 4,15%.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520/7
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

---

**59.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СЛУЖБА ВО 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиски средства за финансирање на проширената репродукција во здравствените работни организации во 1975 година да се издвојуваат средства во посебен фонд во височина од 2,50%, а ќе се пресметуваат од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Заедницата на здравственото осигурување.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520/8
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

**60.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ПОСЕБЕН ФОНД

I

Со цел да се обезбедат финансиски средства за набавка на опрема (основни средства) на Стручната служба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово во 1975 година да се издвојат средства во посебен фонд во височина од 0,50% од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

---

**61.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6, член 18 став 2 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 25 став 1 точка 9 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината на стапката и паушалниот износ на придонес за здравственото осигурување на земјоделците за подрачјето на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово.

Член 2

Работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средства за работа над кои постои право на сопственост, ќе плаќаат придонес за здравствено осигурување по стапка од 10% од личен доход од земјоделска дејност (катастарски приход) и паушален износ по член на домаќинство од 40,00 динари, од што:

а) за задолжителните видови на здравствена заштита:

— 7% од личниот доход од земјоделска дејност (катастарски приход), и

— 25,00 динари годишен паушал за секој член од домаќинството;

б) за правата од здравственото осигурување што Заедницата сама ги утврдува:

— 3% од личниот доход од земјоделска дејност (катастарски приход), и

— 15,00 динари годишен паушал за секој член на домаќинството.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Број 0205-1520/12
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

---

**62.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 104 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗАЕДНИЦАТА ЗА 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиска стабилност во работењето и ликвидност во извршувањето на обврските спрема осигурениците, здравствените работни организации и другите организации на кои им се доверува спроведувањето на здравственото осигурување, Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Тетово ќе издвојува средства во резервен фонд.

II

Задолжителната резерва во 1975 година ќе се пресметува од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Заедницата на здравственото осигурување по стапка од 4,15%.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520/14
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски,** с. р.

---

**63.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 3 од Самоуправ-

ната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ФОНДОТ ЗА РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СЛУЖБА ВО 1975 ГОДИНА

I

За обезбедување финансиски средства за финансирање на проширената репродукција во здравствените работни организации во 1975 година да се издвојуваат средства во фондот за унапредување и развој на здравствената служба во височина од 2,5% од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Заедницата на здравственото осигурување.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520/15
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски**, с. р.

---

**64.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 9 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), а во врска со член 25 став 1 точка 10 и член 26 став 3 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Тетово, на седницата на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд што вршат здравствена дејност — даватели на услугите, одржана на 25 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ПОСЕБЕН ФОНД

I

Со цел да се обезбедат средства за набавка на опрема (основни средства) на Стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците во Тетово, во 1975 година да се издвојуваат средства во посебен фонд во височина од 0,50% од основицата што ја сочинуваат вкупните приходи на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Број 0204-1520/16
25 декември 1974 година
Тетово

Претседател,
**Звонко Блажевски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**65.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 46 точка 3 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, а во врска со точка I од Одлуката за привремено регулирање на одделни прашања за финансирањето и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

1. Стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се утврдува на 7,30% на личниот доход и другите лични примања што служат за утврдување на пензискиот основ изразен во бруто износ, од кои:

а) за задолжителни видови на здравствена заштита 2,50%;

б) за здравствена заштита и другите права од здравственото осигурување што ги обезбедува Заедницата над задолжителните видови на здравствена заштита 4,80%;

2. Стапката на придонесот за здравствено осигурување за случај на повреда на работа и заболување од професионални болести се утврдува на 0,70%.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-510/1
27 декември 1974 година
Титов Велес

Претседател,
**Љ. Ашиков**, с. р.

---

**66.**

Врз основа на член 46 точка 5 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Титов Велес, а во врска со точка I од Одлуката за привремено регулирање на одделни прашања за финансирањето и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — работници и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за издвојување на средства во резервен фонд за 1975 година се утврдува на 3% од вкупните приходи.

II

Дел од вака пресметаната резерва во висина од 1% претставува обавезна резерва, а остатокот од 2% е слободен дел кој служи за обртни средства на

Заедницата, до денот на неговото прераспределување на основните заедници на здравството и здравственото осигурување на подрачјето на Општинската заедница.

III

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-510/2
27 декември 1974 година
Титов Велес

Претседател,
**Љ. Ашиков,** с. р.

---

67.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 41 точка 3 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, а во врска со точка I од Одлуката за привремено регулирање на одредени прашања за финансирањето и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Придонесот за здравственото осигурување на земјоделските осигуреници за 1975 година ќе се обрачунува и наплатува:

1. На осигуреници земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход):

а) по стапка од 8% на катастарскиот приход, од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 4%,

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 4%;

б) По 30,00 динари за домаќинство, од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 15,00 динари,

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 15,00 динари;

2. На осигуреници — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност:

а) по 30,00 динари за секое осигурено лице, од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 15,00 динари;

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 15,00 динари;

б) по 50,00 динари за домаќинство од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 25,00 динари;

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 25,00 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-510/3
27 декември 1974 година
Титов Велес

Претседател,
**Љ. Ашиков,** с. р.

68.

Врз основа на член 41 точка 4 од Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Титов Велес, а во врска со точка I од Одлуката за привремено регулирање на одделни прашања за финансирањето и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седниците на Соборот на делегатите на корисниците на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на давателите на услугите, одржани на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ ВО РЕЗЕРВНИОТ ФОНД НА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервен фонд за 1975 година се утврдува на 3% од вкупните приходи.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по нејзиното објавување во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 01-510/4
27 декември 1974 година
Титов Велес

Претседател,
**Љ. Ашиков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — СТРУМИЦА

69.

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 28 точка 6 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И СТАПКИТЕ НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1975 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравственото осигурување за 1975 година се определува во височина од 7,60% од бруто личниот доход и другите примања, во која се содржани:

— стапката на придонесот за задолжителните видови на здравствената заштита — од 2,70%;

— стапката на придонесот за правата од здравствената заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување — од 4,90%.

Тарифата на придонесот за здравственото осигурување за случај несреќа на работа и заболувања од професионални болести, за организациите на здружениот труд и други корисници, што се распоредени во областа 0 и 9 од номенклатурата, се определува во височина од 0,40% од бруто личниот доход.

Тарифата за здравственото осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални болести за организациите на здружениот труд и други корисници, што се распоредени во областа од 1—8 од номенклатурата, се определува во височина од 0,40% од остварениот доход намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доход.

Член 2

Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство за работниците испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташираните работници) се определува по стапка во височина од 20% од утврдената основица, што ја претставуваат:

— просечниот нето личен доход на работниците во матичната организација, исплатен во годината што претходи на годината во која работникот е испратен во странство;

— за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година како основица се зема исплатениот просечен нето личен доход во матичната организација од претходната година на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник.

Основиците од претходниот став во текот на годината се применуваат како аконтација.

По завршната сметка утврдените основици се применуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација во годината, кога деташирањето е извршено спрема претходната година.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на заводите за вработување за паричниот надоместок на привремено безработните лица и на уживателите на пензија се определува на 11,20% од нето примањето.

За лицата пријавени во Заводот за вработување основицата за пресметување на придонесот за здравствено осигурување ја сочинува просечниот износ на име паричен надоместок на привремено безработните лица во времето за кое се плаќа придонесот за здравствено осигурување.

Ако во времето кога се плаќа придонесот за здравствено осигурување основицата не може да се определи на начин утврден во претходниот став, бидејќи не се исплатува надомест на привремено безработни лица, како основица за пресметување на придонесот служи основицата по која последен пат е пресметан придонесот за здравственото осигурување.

Член 4

За лица кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствено осигурување за случај несреќа на работа по стапка од 0,53% од исплатениот надомест за извршена работа по договор за дело.

Член 5

Доколку со Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението (во натамошниот текст: Законот) и другите општи акти на Општинската заедница основицата за пресметување на придонесите е определена во нето износ, придонесите за здравствено осигурување се пресметуваат и плаќаат по стапки односно според тарифата пресметана за примена на нето личниот доход односно примањата.

Пресметувањето на стапките и на тарифата на начинот предвиден во претходниот став се врши и кога личните доходи исклучително се пресметуваат и се плаќаат во нето износ, како и во случај кога во личниот доход не се содржани сите придонеси од личниот доход или истите се плаќаат по други стапки по кои придонесот се пресметува и плаќа за поголем број работници, вработени во работните организации.

Член 6

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, со Статутот на Заедницата на здравственото осигурување и другите општи акти на Општинската заедница.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1862/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов**, с. р.

---

**70.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 29 точка 4 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД И ПАУШАЛНИОТ ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапките на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година се определуваат:

а) од катастарскиот приход во висина од 12%;

б) по член на домаќинство, за лица што се здравствено осигурени со Законот по 30,00 динари;

в) паушал по домаќинство на лица кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделство (земаат земја под закуп), односно лица над 15 годишна возраст кои се занимаваат со земјоделство, а на свое име немаат сопствена земја — по 120,00 динари.

Придонесот од претходните точки се распоредува:

— за придонесот задолжителни видови ќе се пресметува на катастарскиот приход по 7,20%,

— за останатите права на катастарскиот приход од 4,80%,

— по член на домаќинство за задолжителните видови — 18,60,

— за останатите права од 11,40 динари,

— придонесот од паушал по домаќинство за лица кои немаат сопствена земја, односно лица над 15 годишна возраст за задолжителните видови — 72,00 динари,

— за останатите права — 48,00 динари.

II

Придонесите ќе се пресметуваат и плаќаат од обврзниците на начин определен со Законот и другите акти донесени од страна на Собранието на Заедницата.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1863/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов**, с. р.

**71.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 28 од Самоуправната спогодба за основање на Општинска заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на Соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и Соборот на делегатите на работниците од организациите на здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИТЕ КАТЕГОРИИ ЛИЦА НАДВОР ОД РАБОТНИОТ ОДНОС, ОСИГУРЕНИ ПО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојан месечен износ за 1975 година се плаќаат и тоа:

1. За учениците во стопанството односно за учениците во училиштата за квалификувани работници, за кои покрај училишната се изведува и практична настава во работната организација, училиштето или кај приватниот работодавец — во износ од 40,00 динари за несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. За лицата на доброволна практика (волонтери) што немаат личен доход ако работат со полно работно време 100,00 динари;

3. За лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување) 40,00 динари;

4. За лицата кои учествуваат на младински работни акции, кои по прописите за инвалидско осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност 40,00 динари;

5. За лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно 80,00 динари;

6. За уживателите на постојана државна помош, дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 80,00 динари;

7. За учениците во средните училишта и студентите во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за времетраењето на практичната работа во врска со наставата 40,00 динари;

8. За лицата кои учествуваат на организирани јавни работни акции 40,00 динари;

9. За лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука 40,00 динари.

10. За лицата кои се наоѓаат на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита 40,00 динари;

11. За припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита 40,00 динари;

12. Посебниот придонес за членовите на своето потесно семејство кои живеат на подрачјето на СР Македонија, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување се утврдува во постојан месечен износ од 40,00 динари по член на семејството;

13. За иселениците — повратници, што се населени на територијата на СРМ, редовно пријавени кај надлежниот завод за вработување по член 13 став 1 точка 10 од Законот, во износ од 80,00 динари;

14. За носителите на илинденска споменица, кои не уживаат илинденска пензија 40,00 динари;

15. За лицата што привремено се вон работен однос додека се пријавуваат кај надлежниот завод за вработување по член 13 точка 8 и 9 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита, а кои не стекнале право на материјално обезбедување, во износ од 80,00 динари;

16. За лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира Заводот за вработување на работниците, во износ од 40,00 динари;

17. За лицата кои организацијата пред засновување на работниот однос со нив ги упати како свои стипендијанти за практична работа во друга организација, заради стручно оспособување, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 80,00 динари;

18. За лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии, кои поради тоа го раскинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, од 80,00 динари;

19. За лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги упатил Заводот за вработување на работниците, во износ од 40,00 динари;

20. За брачните другари, односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението 80,00 динари;

21. За југословенските државјани кои согласно постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање со практика 80,00 динари;

22. За лицата — странски државјани за време на школување — стручно усовршување, или на постдипломски студии во Југославија, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 80,00 динари;

23. За членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на издржување казна затвор, ако на осигуреникот не му престанал работниот однос во работната организација за време на издржувањето на казната, во износ од 80,00 динари;

24. За членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходното осигурување, во износ од 80,00 динари.

Член 2

Обврзници за уплатување на придонесот се:

— за осигурениците под точ. 1, 2, 17, 18, 19, и од 21 заклучно со точка 24, работните организации во кои осигуреникот работел односно работи или прима стипендија;

— за лицата под точка 3, 4 и 5, како и под точка 7 заклучно со 11, организаторот за спроведување и изведување на акциите, односно работите;

— за лицата под точка 6 и 14 — Извршниот совет на СРМ;

— за лицата под точка 12 — самите осигуреници вработени во странство или членовите на нивните семејства;

— за лицата под точка 13, 15, 16 и 20 — Заводот за вработување.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период ќе се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1861/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**72.**

Врз основа на член 28 точка 7 од Самоуправната спогодба на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на сите собори на Собранието, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА РЕЗЕРВА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжително издвојување на средствата во резервниот фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на фондот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година се утврдува на 4% од вкупните приходи на Општинската заедница.

II

Оваа одлука влегува во сила по донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1871/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**73.**

Врз основа на член 29 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на заедничката седница на Соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и Соборот на делегатите од здравството — давители на услугите, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА ЗА ИЗДВОЈУВАЊЕ НА РЕЗЕРВА ОД ПРИХОДИТЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА — СТРУМИЦА ЗА 1975 ГОДИНА

I

Стапката за задолжителни издвојувања на средствата во резервниот фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — земјоделци — Струмица за 1975 година се утврдува на 4% од вкупните приходи на Основната заедница.

II

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1871/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**74.**

Врз основа на член 51 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА ПОМОШТА ЗА СПРЕМА НА СЕКОЕ НОВОРОДЕНО ДЕТЕ

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото за спрема на секое новородено дете, која припаѓа на осигуреникот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 2

Висината на помошта за спрема на секое новородено дете се утврдува во паушален износ за секое новородено дете и тоа:

1. Од 150,00 динари ,ако приходите во заедничкото домаќинство надминуваат повеќе од 600,00 динари по член месечно од личниот доход во претходното тримесечје;

2. Од 200,00 динари, ако приходите во заедничкото домаќинство не надминуваат повеќе од 600,00 динари по член месечно од личниот доход во претходното тримесечје.

Член 3

Помош за спрема на новородено дете се исплатува кај Службата на Заедницата со поднесок:

1. за исплата пред породувањето — оценка од лекарот — гинеколог дека породувањето ќе уследи во рок од 1 месец од денот на оценката;

2. за исплата по породувањето — извод од матичната книга на родените;

3. доказ за усвоено дете и доказ дека за тоа дете помош не е исплатена.

Член 4

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на помошта за спрема на новородено дете на осигуреникот бр. 02-490/1 од 30 март 1973 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1856/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

**75.**

Врз основа на член 52 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ“ бр. 21/71), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборот на делегатите корисници на услуги — работници, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ПОГРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ И ПОСМРТНАТА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување и начинот на остварувањето правото на надоместок на погребните трошоци и посмртната помош во случај на смрт на осигурено лице на Заедницата на здравството и здравственото осигурување — Струмица.

Член 2

Надоместокот на име погребни трошоци се утврдува во износ:

1) од 1.500,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице постаро од 10 години на животот;

2) од 1.200,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице постаро од 1 година а помладо од 10 години на животот;

3) од 600,00 динари, во случај на смрт на осигурено лице помладо од 1 година на животот.

Член 3

Надоместокот на погребните трошоци на осигуреното лице умрено и закопано надвор од местото на постојаното живеење се определува и исплатува во височината на надоместокот определен спрема местото на закопот, ако е тоа за корисникот поповолно.

Член 4

Надоместокот на трошоците за закоп на осигурено лице умрено за време на престој во странство се определува во височина на неопходно погребните трошоци за закоп во земјата во која осигуреното лице умрело.

Височината на неопходните трошоци за закоп од претходниот став ја оценува надлежниот орган на Заедницата, земајќи го предвид прибавеното мислење за тоа од дипломатско-конзуларното претставништво на СФРЈ во таа земја.

Член 5

На членовите на семејствата на умрениот осигуреник им припаѓа посмртна помош во едномесечен износ, под условите и износите предвидени во Статутот.

Член 6

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои го извршиле закопот на осигуреното лице врз основа на изводот од матичната книга на умрените и здравствената легитимација на умреното осигурено лице.

Посмртната помош во случај на смрт на осигуреникот се исплаќа на најстариот член на семејството којшто го издржувал осигуреникот до неговата смрт.

Член 7

Барањето за исплата на надоместокот на погребните трошоци стасува на денот на смртта на осигуреното лице.

Член 8

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на осигурените лица, бр. 02-489/1 од 30 март 1973 година.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1860/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов**, с. р.

**76.**

Врз основа на член 37, 49 и 50 од Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението („Службен весник на СРМ" бр. 21/71), член 18 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 30 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Струмица, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници, одржана на 27 декември 1974 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ И ТРОШОЦИТЕ ЗА ИСХРАНА И СМЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ЗА ВРЕМЕ НА ПАТУВАЊЕТО И ПРЕСТОЈОТ ВО ДРУГО МЕСТО ВО ВРСКА СО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Со оваа одлука се одредува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и висината на надоместокот за трошоците за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита што им припаѓа на осигурените лица на товар на средствата на Заедницата, а во случаите кога користат здравствена заштита на начин пропишан со Законот, Статутот и Правилникот за начинот на остварувањето на здравствената заштита на Заедницата.

### Надоместок на превозни трошоци

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигурените лица за случаите предвидени во Статутот на Заедницата во висина на тарифата за редовни средства на јавниот сообраќај.

Надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигурените лица и кога поради итноста на случајот или здравствената состојба по налог на лекар или здравствена организација превозот е извршен и со други превозни средства.

Кога превозот, во случај од претходниот став, е извршен без претходен наод на лекар или здравствена организација, оправданоста на превозот на превозните средства накнадно ја цени лекарска комисија по претходно прибавено мислење од лекар-поединец, кој ја пружал здравствената заштита на осигуреното лице.

Член 3

Надоместокот на трошоците за превоз се одредува по правило според најкусата релација и тоа по основната тарифа од редовните превозни средства на јавниот сообраќај.

Под основна тарифа на јавниот сообраќај се смета:

1. кога патувањето се врши со железница, осигуреното лице има право на полната цена на чинењето на брзи воз од II класа;

2. кога патувањето се врши со автобус, осигуреното лице има право на полна цена на чинењето на превозот;

3. кога патувањето се врши во речниот и поморскиот сообраќај, осигуреното лице има право на полна цена на чинењето од II класа.

Кога на иста релација постојат железнички, автобуски и бродски сообраќај, осигуреното лице има право на надоместок на превозните трошоци по најкусата релација и најниската тарифа.

Ако превозот е извршен во смисла на член 2 став 2 од оваа одлука, надоместокот на трошоците за превоз припаѓа на осигуреното лице по 1,20 динари од километар, кога колата за брза помош не била во состојба да го изврши превозот.

Член 4

Ако осигуреното лице, по посебни прописи, има право на бесплатно возење, при користењето на превозни средства на јавниот сообраќај не му припаѓа надоместок на трошоците за превоз.

Член 5

На осигурено лице кое користи здравствена заштита надвор од одредбите на Правилникот за начинот на користењето на здравствената заштита или по избор, не му припаѓа надоместок на патни и дневни трошоци.

Член 6

Налог односно упат за упатување во друго место поради специјалистички преглед важи, по правило, само за едно патување. Во колку лекарот — специјалист кај кого осигуреното лице е упатено најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, упатот важи за сите останати прегледи.

Кога осигуреното лице од претходниот став е упатено односно на основа упатот преземено на амбулантно-специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време сè додека не заврши испитувањето односно лекувањето.

**Висина на надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место**

Член 7

Надоместок на име трошоци за исхрана и сместување за време на патување и престој во друго место на осигуреното лице му припаѓа и тоа:

1. во подрачјето на општината на Заедницата — во износ од 20,00 динари,
2. во подрачјето на Општинската заедница — во износ од 30,00 динари,
3. во сите други места во земјата, освен во републичките центри — во износ од 40,00 динари,
4. во сите републички центри во земјата — во износ од 50,00 динари.

Ако здравствената работна организација го задржи осигуреното лице повеќе од еден ден на амбулантно-поликлиничко лекување, во тој случај осигуреното лице има право на надоместок на име трошоци за исхрана и сместување, покрај надоместокот предвиден во претходните точки 3 и 4 плус по 30,00 динари на ден.

За деца до навршена 7 годишна возраст ќе се исплатува 50% од износот предвиден во точка 1 — 4 од овој член.

Надоместокот на име трошоци за исхрана и сместување му припаѓа на осигуреното лице во полн износ, ако патувањето и престојот во друго место траеле повеќе од 12 а помалку од 24 часа, односно половина од износот, ако патувањето траело повеќе од 8 а помалку од 12 часа.

Ако осигуреното лице не преноќева за време на патувањето, износот на надоместокот се намалува за 30%.

Член 8

Барањето за надоместок на трошоците за превоз и барањето за надоместок на име исхрана и сместување се врши првиот нареден ден по завршеното лекување, односно завршеното патување.

Член 9

Со денот на применувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица бр. 02-488/1 од 30 март 1973 година.

Член 10

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

Бр. 02-1857/1
27 декември 1974 година
Струмица

Претседател,
**Најден Витларов,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е поднесена тужба за надомест на штета од тужителите Љубомир Периќ од с. Влае, Скопје и др. против тужените: Завод за осигурување на имоти и лица „Македонија“ — Скопје, „Југопетрол“ — трговско претпријатие — Скопје, „Кожув“ — трговско претпријатие — Гевгелија и Никола Митев од с. Росоман, општина Кавадарци, од татко Илија, сега со непознато место на живеење. Вредност на спорот 110.264,00 динари.

Се повикува тужениот Никола Митев во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас да се јави на судот или да ја соопшти својата адреса. Во спротивно ќе му се одреди привремен старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1792/70. (26)

---

При Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Филипова Вера од село Иванковци, Титов Велес, против тужениот Филиповски Стојчо од село Мамучево, Титов Велес, сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Филиповски Стојчо од село Мамучево, Титов Велес, да се јави на овој суд или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1859/74. (27)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Богдана Димитриоска од село Мажучиште, Прилеп, поднесе до овој суд тужба за развод на брак против Атанас Тошески, сега во неизвесност со непозната адреса. Бидејќи тужениот е во неизвесност, се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник.

Во спротивно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 691/74. (48)

---

Тренковска Каролина од село Ропотово, Прилеп, поднесе до овој суд тужба за очинство и издршка, против Бранко Николовски од село Пешталево, сега со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Бранко е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да определи свој застапник. Во спротивно ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 557/74. (30)

## ОКРУЖЕН СУД ВО ШТИП

Владо Божинов, ул. „Коста Рацин“ бр. 21 од Кочани поднесе до овој суд тужба за развод на брак против тужената Трајанка Божинова од Кочани, сега со непозната адреса.

Бидејќи адресата и местожителството на тужената се непознати, се повикува во рок од еден месец од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ“ да се јави или да одреди свој застапник. Во спротивно судот, по службена должност, ќе ѝ го одреди за застапник Илиев Боге, приправник при Окружниот суд во Штип и делото ќе се решава во нејзино отсуство.

Од Окружниот суд во Штип, П. бр. 314/74. (31)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ГЕВГЕЛИЈА

Општинскиот суд во Гевгелија ја повикува Ѓурѓа Павлова од село Удово, која на 22. IV. 1969 година перејќи алишта на реката Вардар нестанала, во колку е жива да се јави на овој суд во рок од 3 месеци од денот на објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“. Исто така се повикуваат и сите други лица кои нешто знаат за наведеното лице да го известат овој суд во горниот рок. Во спротивно, по истекот на овој рок, ќе се прогласи за умрена.

Од Општинскиот суд во Гевгелија, Р. бр. 171/74 од 8. I. 1975 година. (29)

# КОНКУРСИ

Врз основа на Одлуката на Советот на ООЗТ Превентивно-диспанзерска служба, а согласно со член 5 од Самоуправната спогодба за кадровска структура и систематизација на работните места во ООЗТ Превентивно-диспанзерска служба на Медицински центар

распишува

## КОНКУРС

за пополнување на слободното работно место:

1. Еден одговорен статистичар за општа и здравствена статистика.

Услови: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите што ќе конкурираат на овој конкурс за работното место под бр. 1 треба да имаат завршено средна стручна спрема или да се со средно медицинско училиште за медицински сестри-техничари со обавен приправнички стаж.

Предност имаат кандидатите што се во редовен работен однос во ООЗТ Превентивно-диспанзерска служба.

Молбите таксирани со два динара таксена марка и приложени потребни документи за засновање работен однос да бидат доставени до Советот на ООЗТ Превентивно-диспанзерска служба при Медицинскиот центар — Гостивар.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (29)

Конкурсната комисија на ОЗТ Клуб на спортисти — Гевгелија

распишува

## КОНКУРС

за наименување директор

Услови: Покрај општите услови предвидени со Законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— да имаат завршено средно образование,

— работно искуство над 2 години, од кои 2 години на раководно работно место во угостителска струка,

— да со судска пресуда не им е забрането вршење на раководна функција.

Личен доход по Самоуправната спогодба за лични доходи.

Стан не се обезбедува.

Конкурсот останува отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Кандидатите со молбата треба да достават:

— свидетелство за стручна подготовка,

— потврда за работно искуство,

— опис на досегашната работа,

— уверение дека не им е забрането вршење на раководна функција.

Непотполните молби нема да се земаат во разгледување.

Молбите се доставуваат до Клуб на спортисти — Гевгелија, за Конкурсна комисија. (28)

Конкурсната комисија на ООЗТ Клиничка биохемија при Медицинскиот факултет во Скопје

распишува

## КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Директор на ООЗТ Клиничка биохемија 1
2. Шеф на одделение 1
3. Одговорни медицински лаборанти 4

УСЛОВИ: Покрај условите предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со самоуправната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1 — да е специјалист по медицинска биохемија и наставник на Медицински факултет;

Под точка 2 — да е специјалист по медицинска биохемија и над 5 години работа како специјалист;

Под точка 3 — да е со виша медицинска стручна спрема и над 5 години искуство во клиничка лабораторија.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребната документација се поднесуваат до административната служба на ООЗТ Клиничка биохемија, со назначување за Конкурсната комисија. (27)

Конкурсната комисија на ООЗТ Клиника за кардиологија при Медицинскиот факултет — Скопје

распишува

## КОНКУРС

за пополнување на следните работни места:

1. Управител на Клиниката за кардиологија 1

2. Главна медицинска сестра 1

3. Раководители на единици за:
   а) Интензивна коронарна нега 1
   б) Хемодинамски лабораториум 1
   в) Кардиографски лабораториум 1
   г) Електрокардиографски лабораториум 1

4. Лекар — приправник за работа во Електрокардиографски лабораториум 1

5. Лекар — приправник за работа во Кардиографски лабораториум 1

УСЛОВИ: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд ,пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со самоуправната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1 — да е редовен професор по интерна медицина на Медицинскиот факултет.

Под точка 2 — да е со виша медицинска стручна спрема и најмалку 10 години работно искуство на раководно работно место;

Под точка 3 — да е асистент или доцент по предметот интерна медицина на Медицинскиот факултет;

Под точка 4 и 5 — приемот ќе се изврши по предвидените критериуми со посебна одлука за прием кои опфаќаат: просечна оценка од завршен медицински факултет, оценка по предметот интерна медицина, покажан успех во тестирањето и познавање на странски јазик.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се поднесуваат до административната служба на ООЗТ Клиника за кардиологија, со назначување за Конкурсна комисија. (26)

---

Конкурсната комисија на ООЗТ Клиника за нефрологија при Медицинскиот факултет во Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на следните работни места:

1. Директор на Клиниката за нефрологија 1
2. Шеф на Одделот за хемодијализа 1
3. Шеф на Одделот за интензивна нега 1
4. Шеф на Одделот за клиничко морфолошка и имунолошка процена 1
5. Главна медицинска сестра 1
6. Одговорни медицински сестри 2

УСЛОВИ: Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, пријавените кандидати треба да ги исполнуваат и посебните услови предвидени со самоуправната спогодба за начелата, основите, критериумите и процедурата на кадровската политика на Медицинскиот факултет во услови на отворена систематизација.

Под точка 1, 2, 3 и 4 — да е лекар специјалист по интерна медицина со диференцирано познавање од областа на нефрологијата;

Под точка 5 и 6 — да е со виша медицинска стручна спрема или средна стручна медицинска спрема со најмалку 10 години работно искуство на раководно место.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребната документација се поднесуваат до административната служба на ООЗТ Клиника за нефрологија, со назначување за Конкурсната комисија. (25)

---

Комисијата за работни односи при Земјоделската задруга „Зрновка“, с. Зрновци, општина Кочани

распишува

**ОГЛАС**

за пополнување на работното место:

1. Еден раководител на деловната единица во Претставништвото во гр. Скопје.

УСЛОВИ:

Покрај општите услови, предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите што ќе конкурираат по овој оглас за работното место под реден бр. 1. да имаат завршено средно трговско училиште со 10 години работно искуство во струката.

Молбите со приложените потребни документи за засновање на работен однос да бидат доставени до Комисијата за работни односи при Земјоделската задруга „Зрновка“, с. Зрновци, општина Кочани.

Огласот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (23)

---

ООЗТ „Астибо-комерц“ од Штип во состав на ОЗТ Модна конфекција „Астибо“ — Штип врз основа на одлуката донесена од Советот

**ОГЛАСУВА**

Продажба на основно средство продажна просторија чија вредност изнесува 4.000,00 динари по $м^2$.

Положбата на основното средство е исправна и истата може да се користи како продавница за текстил, прехранбени или други артикли за широка потрошувачка и се наоѓа во строгиот центар во површина од 86,5 $м^2$.

Продажната просторија се наоѓа во Делчево, на ул. „Маршал Тито“ бб во сегашна Астибова продавница. Посебни податоци можат да се добијат во „Астибо-комерц“ во Штип или на телефон бр. 22-719.

Право на учество на јавното наддавање имаат работните организации кои ќе поднесат доказ дека на сметката 41400-601-362 „Астибо-комерц“ — Штип уплатиле 5% од почетната вредност на основното средство кое се продава. Јавното наддавање ќе се одржи во просториите на „Астибо-комерц“ — Штип десеттиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, со почеток во 12,00 часот, во колку се јават најмалку тројца заинтересирани купувачи.

Трошоците околу преносот на основното средство ќе паднат на товар на купувачот.

Во колку јавното наддавање не успее продажбата ќе се обави по пат на писмена понуда (или со непосредно договарање). (24)

## СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

Врз основа на член 22 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружен труд во стопанството („Службен весник на СРМ" бр. 29/73) односно членот 21 од Општествениот договор за општествените дејности („Службен весник на СРМ" бр. 43/73), Републичкиот завод за статистика ги утврди и ги објавува следните податоци:

1. Просечниот месечен нето личен доход во стопанството по работник за 1974 година изнесува 2.062 дин.

2. Индексот на трошоците на животот во 1974 година во споредба со 1973 година изнесува 124,3%.

РЕПУБЛИЧКИ ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

## СОДРЖИНА

Страна

31. Одлука за помилување на осудени лица — 65

32. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на составувањето на завршната сметка на фондовите, на средствата за инвестиции во стопанството на Социјалистичка Република Македонија и на интересните заедници за 1973 година — — — — — — — — — — 65

33. Упатство за изменување и дополнување на Упатството за составување на завршната сметка на буџетите на Републиката и општините за 1973 година — — — — — 66

34. Упатство за изменување на Упатството за начинот на изготвувањето на завршната сметка на органите на управата за 1973 година — — — — — — — — — — 66

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

54. Одлука за утврдување стапките на придонесите за здравственото осигурување на работниците — — — — — — — — — 67

55. Одлука за утврдување на основицата за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на лица вработени кај приватните работодавци — — — — 67

56. Одлука за определување основици за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување на самостојните занаетчии и самостојните угостители — — 68

57. Одлука за придонесите на здравственото осигурување што се плаќаат во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници за 1975 година — — — — — — 68

58. Одлука за задолжително издвојување средства во резервен фонд на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување за 1975 година — — — — — 69

59. Одлука за издвојување средства во фондот за развој на здравствената служба во 1975 година — — — — — — — — — — — 69

60. Одлука за издвојување средства во посебен фонд — — — — — — — — — — — 70

61. Одлука за утврдување висината на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците — — — — — — — — — — 70

62. Одлука за задолжително издвојување средства во резервниот фонд на Заедницата за 1975 година — — — — — — — — — 70

63. Одлука за издвојување средства во фондот за развој на здравствената служба во 1975 година — — — — — — — — — — — 71

64. Одлука за издвојување средства во посебен фонд — — — — — — — — — — — 71

65. Одлука за утврдување висината на стапката на придонесот за здравственото осигурување на работниците за 1975 година — — — 71

66. Одлука за утврдување висината на стапката за издвојување во резервниот фонд на здравственото осигурување на работниците за 1975 година — — — — — — — — 71

67. Одлука за утврдување висината на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — 72

68. Одлука за утврдување висината на стапката за издвојување во резервниот фонд на здравственото осигурување на земјоделците за 1975 година — — — — — — — — 72

69. Одлука за стапките и тарифата на придонесите за здравственото осигурување и стапките на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1975 година — — — — — — — — 72

70. Одлука за утврдување на стапките на придонесот од катастарскиот доход и паушалниот придонес за здравствено осигурување на земјоделците за 1975 година — — — 73

71. Одлука за постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделните категории лица надвор од работниот однос, осигурени по Законот за здравственото осигурување и задолжителните видови на здравствената заштита на населението — 74

72. Одлука за висината на стапката за задолжителна резерва за 1975 година — — — 75

73. Одлука за висината на стапката за издвојување на резерва од приходите на Општинската заедница — Струмица за 1975 година — — — — — — — — — — 75

74. Одлука за висината на помошта за спрема на секое новородено дете — — — — — 75

75. Одлука за висината на надоместокот на погребните трошоци и посмртната помош на осигурените лица — — — — — — 76

76. Одлука за надоместок на патните трошоци и трошоците за исхрана и сместување на осигурените лица за време на патувањето и престојот во друго место во врска со остварувањето на здравствената заштита — 76

**Издавач: „Службен весник на СРМ" — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември" бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**